Врз основа на Законот за здруженија и фондации (Сл.в.РМ бр. 52 од 16.04.2010 год. Законот за спорт (Сл.в.РМ бр. 29 од 07.05.2002 год.,со измени и дополненија Сл.в.РМ бр. 66/2004; 81/2008 и 67/2010 ), Законот за рибарство и аквакултура (Сл.в.РМ бр. 07 од 15.01.2008 год), Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура (Сл.в. РМ бр. 67/2010) и Законот за животна средина (Сл.в. РМ бр 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09 и 48/2010), Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011, на Собранието одржано на ден 18.12.2011 година, донесе:

# С Т А Т У Т

На Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се регулираат следните односи на Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011:

- Име и седиште на Здружението;
- Цели, задачи и дејност;
- Знакот и симболот на Здружението;
- Основни начела за работење на Здружението;
- Услови за зачленување, исклучување и престанок на членувањето;
- Правата, обврските и одговорностите на членовите;
- Органи, избор и разрешување;
- Застапување;
- Начинот на стекнување и располагање со средствата;
- Начин на донесување на планови и програми;
- Служби во Здружението;
- Внатрешни организациони форми
- Начин на донесување, изменување и дополнување на Статутот;
- Начин на одлучување за статусни промени;
- Постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011;
- Престанок на работа на Здружението;
- Други односи утрдени со Законот и актот за основање;

Член 2

Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011 е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните, рекреативни и спортски риболовци на територија на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот, а за остварување на заеднички цели и задачи од интерес за развој и унапредување на рекреативниот и спортскиот риболов, учество на спортско – рекреативни активности и заштита на животната средина.

Член 3

Здружение на риболовци спортско-рекреативен клуб РИБАР 2011 како Здружение своите права, должности и одговорности ги остварува согласно Уставот, законите и овој Статут.

## 2. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 4

Називот на Здружението е :
Здружението на риболовци спортско рекреативен клуб РИБАР 2011
Скратен назив : ЗРСРК “РИБАР 2011”
Во понатамошниот текст на овој статут Здружението

Член 5

Седиште на Здружението е во Скопје, бул. Партизански одреди бр.42/4.
Здружението делува на подрачјето на Република Македонија.

Член 6

Здружението има статус на правно лице со сопствена жиро сметка.
Со својство на правно лице Здружението се стекнува со уписот во регистарот кој го води Централниот Регистар на Република Македонија.
Здружението неможе да се трансформира во други видови на правни лица.

Времетраењето на Здружението е на неопределено време.

Член 7

Здружението има свој печат

Печатот е со округла форма и го содржи името: Здружение на риболовци спортско рекреативен клуб РИБАР 2011, а во средина се наоѓа рибар кој влече риба и веб страната на здружението www.ribar.com.mk

Член 8

Здружението има свој штембил

Штембилот на здружението е правоаголен со текст идентичен на текстот од претходниот став.

Член 9

Здружението има свое знаме и свој амблем

Знамето на Здружението е изработено од платно со зелена боја и има форма на правоаголник во сооднос на должината спрема ширината 1:2.
Во средината на знамето е поставен амблемот на Здружението.
На горниот дел над амблемот стои испишано Здружение на риболовци спортско рекреативен клуб РИБАР 2011

Амблемот на Здружението е во јајцевидна хоризонтална положба, со зелена позадина.
На амблемот има знаме на Република Македонија во форма на територијата на Република Македонија, над кое пишува РИБАРСКИ ТИМ, а под знамето од левата страна има рибар кој влече риба, напишана е веб страната www.ribar.com.mk, а под тоа е напишано FORUM FISHING TEAM.

Текстот на печатот, штембилот, знамето и амблемот е испишан на македонски јазик со кирилично писмо и на англиски јазик со латинично писмо.

## 3. ОСНОВНИ НАЧЕЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 10

Работата на Здружението се базира на ОСНОВНИ НАЧЕЛА :

1. независност
2. јавност и транспарентност
3. непрофитност
4. непартиско дејствување
5. иницијативи во јавниот живот.

### Член 11

Здружението е независно во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој Статут, а во согласност со Уставот и Законите.

### Член 12

Работата е јавна, а јавноста се обезбедува со:

- Право на секој член непосредно и посредно да ја следи работата на сите органи;
- Увид во програмите, задачите и целите при нивното донесување и реализирање;
- Увид во материјалното и финансиско работење преку Надзорниот Одбор;
- Преку објавување на актите и информациите на веб страницата www.ribar.com.mk и форумот на истата веб страница.

### Член 13

Здружението не се основа за стекнување со добивка.
Доколку во работењето се оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со овој Статут.

### Член 14

Здружението неможе да врши политички активности или да го користи својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии.
Како политичка активност во смисол на ставот 1 на овој член, се подразбира директно учество во изборните кампањи, собирање на средства на изборните кампањи и финансирање на политичките партии.

### Член 15

Здружението може слободно да ги искажува и промовира своите ставови и мислења за прашања од свој интерес, да поведува иницијативи и да учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките.

## 6. ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

Член 16

За извршување на целите и задачи, поради кои е основано Здружението, како и заради извршување на стручни, административно-технички работи и рибочуварска служба Здружението може да формира засебна стручна служба.

Член 17

Лицата вработени во стручните служби на Здружението вршат работи од интерес за реализација на целите и задачите на Здружението.

Член 18

Здружението може да има свои риболовни ревири заради вршење на спортски и рекреативен риболов, во согласност со Законот за рибарство и аквакултура и Договорот за концесија.
Задолжителните дозволи Здружението ги издава за риболовен ревир или рекреативна зона за која му е дадена концесија.

Здружението определува и видливо обележува места на кои ќе ги издава дозволите за рекреативен риболов. Дозволи за рекреативен риболов се издаваат само на определени места за издавање дозволи.
Здружението е должно да води евиденција за бројот на издадените дозволи и евиденцијаза количината на уловена риба и да ја доставува до надлежното Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 19

Програмските цели и задачи на Здружението се:

- Унапредување и развој на рекреативниот и спортскиот риболов;
- Остварување на оптимални услови и можности за омасовување и популаризација на спортскиот и рекреативниот риболов воопшто;
- Заштита на риболовните води од рибокрадци и криминални дејствија на поединци и групи;
- Заштита на риболовните води и животната средина од загадување и уништување;
- Иницирање, поттикнување и организирање на натпревари во спортски риболов;
- Унапредување, зголемување и заштита на рибниот фонд во риболовните води;
- Регулирање на условите и режимот за вршење на спортскиот и рекреативниот риболов на своите риболовни води во согласност со Законот за рибарство и аквакултура и договорот за концесија;
- Развој на спортскиот риболовен туризам;
- Едукација на млади кадри за популаризација на риболовот;
- Извршување на други работи кои произлегуваат од целите и задачите на Здружението.

## 7. ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 20

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде секое физичко лице државјанин на Република Македонија и странски државјанин кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со потпишување на пристапница ( евиденционен лист) независно од неговата возраст.
Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во Здружението со давање потпишана Изјава за согласност од неговиот родител или неговиот законски застапник, заверена на нотар.
Членовите своето членувањето го докажуваат со членска книшка.
Здружението бројот на членовите го докажува со потпишаните пристапници (евиденциони листи) на лицата кои истите ги потпишале.

Член 21

Здружението за своите членови води регистар и евиденција на членовите на органите кој се ажурираат најмалку еднаш во две години.

## 8. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 22

Членовите имаат право :

- Да избираат и да бидат избрани во органите на Здружението;
- Да предлагаат, да даваат мислење и предлози за донесување на одлуки и заклучоци;
- Да се придржуваат на заштитата и користењето на рибниот фонд, мерилата, нормите и плановите на Здружението;
- Да учествуваат на спортски натпревари што ги организира Здружението, како и на други активности кои ги организираат Здружението, други здруженија и Македонската риболовна федерација (МРФ).

Член 23

Членовите се должни:

- Да поседуваат членска книшка и редовно да ја подмируваат членарината за тековната година.;
- Непосредно да учествуваат во извршувањето на целите и задачите на Здружението;
- Да постапуваат соглесно целите наведени во член 19 од овој статут.

Член 24

Почесен член може да биде секое физичко лице кое во знак на признание за услуги во унапредувањето, популаризација и омасовување на спортскиот и рекреативен риболов го избира и го именува Управниот одбор на Здружението.

Член 25

Членството во Здружението престанува со :

- Самоволно истапување од Здружението со достава на писмена изјава до Управниот одбор;
- Смрт на членот од Здружението;
- Доколку постапува спротивно на целите и програмите на здружението наведени во член 19 од овој статут.

Член 26

Одлука за престанокот на членството донесува Управниот одбор на Здружението.

## 9. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, НИВНИОТ СОСТАВ, НАЧИНОТ НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОРГАНИТЕ ОВЛАСТУВАЊЕ И ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ, НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИТЕ

Член 27

Со овој Статут на Здружението се утврдени следните органи на управување:

- Собрание на Здружението;
- Управен одбор на Здружението
- Надзорен одбор.

Покрај овие органи Здружението може да формира и други органи и комисии.

Член 28

Здружението се организира и може да постои ако во него се зачленети најмалку 5 (пет) членови полнолетни физички лица, од кои најмалку 3 (тројца) со живеалиште, или престојувалиште во Република Македонија.
Во трговските друштва со ограничена одговорност, Општините или делови на населби, фирми, може да се формираат ограноци на Здружението како колективни членови, ако во него се зачленат 5 (пет) полнолетни физички лица државјани на РМ.
Дозвола за формирање на ограноци донесува Управниот одбор, а се верификува на наредната седница на Собрание.
Работата, правата и обврските на огранокот, се регулира со посебен правилник кој го донесува Управниот одбор на Здружението.

## 9.1. СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 29

Собранието на здружението го сочинуваат сите членови на Здружението.
Собранието е највисок орган на здружението.
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Член 30

Надлежност на собранието:

- донесува Статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работата и финансиски извештај и го објавува на своја веб страница;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаи кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целите и задачите на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни измени на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението;
- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Здружението.

Член 31

Одлука за свикување на Собрание донесува Управниот одбор со мнозинство гласови.

Седниците на Собранието ги организира и закажува Управниот одбор на здружението, а ги води Претседавачот на Собранието, или во негово отсуство заменик-претседавач на Собранието избран на самата седница со мнозинство од присутните членови на седницата на Собранието.
Закажување на седница на Собрание може да побараат најмалку 5 членови на Управниот одбор, или 1/3 од вкупниот број на членови на Здружението, по што барањето се доставува до Управниот одбор.

Член 32

Собранието работи на седници.
Седница на Собрание може да биде:

- редовна;
- изборна- конститутивна;
- вонредна.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Ако бројот на членовите на здружението ја надмине бројката од 50 членови, Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни минимум 25 члена.

Начин на свикување, работата и одлучувањето на Собранието на Здружението и правата и обврските на Претседавачот на Собранието се утврдува со деловник за работа на Собранието на Здружението.

Вонредна седница може да се свика по писмено барање од 1/3 од членовите на Собранието, а истата мора да се одржи најдоцна во рок од 30 дена од денот на

поднесувањето на барањето.

Член 33

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Претседавач со Собранието се избира на првата конситутивна седница на Собранието по предлог на било кој од членовите на Собранието и со мнозинство гласови од присутните делегати на Собранието.
Со изборот на Претседавач на Собранието, тој воедно станува и член на управниот одбор на Здружението.
Претседавачот на Собранието има мандат од 4 години.
Претседавачот на Собранието неможе да биде во исто време и Претседател на Управниот одбор на здружението.

Претстанок на мандатот на Претседавач на Собранието може да се случи:

- Со негова оставка од таа позиција;
- Со смрт;
- Со одлука на двотретинско мнозинство на Управниот одбор;
- Со одлука на двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието;

Член 34

Собранието на својата прва конситутивна седница избира и Претседател на Здружението – Застапник по закон, кој е воедно и Претседател на Управниот одбор.
Претседателот на Здружението има мандат од 4 години.

Претстанок на мандатот на Претседателот на Здружението може да се случи:

- Со оставка од таа позиција;
- Со смрт;
- Со одлука на двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.

9.2. УПРАВЕН ОДБОР

Член 35

Собранието избира Управен одбор од редовите на вкупното членство на Здружението.
Во работата на Управниот одбор без право на глас можат да бидат вклучени и надворешни лица, членови на Здружението, или лица кои не се членови на Здружението, на предлог на Претседателот или членовите на Управниот одбор.

Член 36

Управниот одбор брои 9 (девет) члена. Доколку се јави потреба и е во интерес на Здружението, во вонредна постапка опишана во овој член, може да се избере до два дополнителни члена на Управниот одбор.
Избор на членовите на Управниот одбор во редовна постапка го врши Собранието на предлог на било кој член на Здружението, чиј предлог се доставува до Кандидационата комисија во редовна постапка, а изборот се врши со јавно гласање на делегатите присутни на Собранието.

Членовите на Управниот одбор се лицата кои ќе добијат најмногу гласови од присутните делегати на Собранието на Здружението.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години и едно лице може да биде бирано повеќе пати на иста функција.
Смена и избор на нов член на Управниот одбор може да се случи и по вонредна постапка на седница на Управниот одбор, на предлог на член на управниот одбор и со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Причини поради кои еден член може да биде сменет по вонредна постапка се:

- Поради оставка
- Поради смрт
- Поради недоаѓање на Седници на Управниот одбор три пати едно по друго без оправдани причини.
- Доколку постапува спротивно на целите и програмите на здружението наведени во член 19 од овој статут

Мандатот на новоизбраниот член на Управниот одбор трае до следната седница на Собранието на Здружението, каде што треба да се потврди, или отфрли неговиот мандат и да се избере нов член на Управниот одбор.

Член 37

Мандатот на Претседателот на Управен одбор, трае 4 години, и едно лице може да биде бирано повеќе пати едно по друго.

Мандатот на Претседателот на Управен одбор може да престане и пред истекот на 4 години, во случај тоа да го побараат две третини од членовите на Управниот одбор и истото биде прифатено и изгласано на седница на Собранието на здружението со мнозинство од вкупниот број членови на здружението. Ваквата вонредна седница на Собранието на здружението се свикува во рок од 30 дена по барањето на две третини од членовите на Управниот одбор за смена на Претседателот на Управен одбор.

Причини поради кои членовите на Управниот одбор можат да побараат смена на Претседателот на Управен одбор се:

- Поради оставка
- Поради смрт
- Поради недоаѓање на Седници на Управниот одбор три пати едно по друго без оправдани причини.
- Доколку постапува спротивно на целите и програмите на здружението наведени во член 19 од овој статут.

Член 38

Управниот одбор на својата прва конститутивна седница во редовна постапка, со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор, од своите редови избира и Подпретседател и Секретар на Управниот одбор.
Мандатот на Подпретседателот и Секретарот трае 2 години, и едно лице може да биде бирано повеќе пати едно по друго.

Смена и Избор на нов Подпретседател и Секретар на Управен одбор може да се случи и по вонредна постапка на седница на Управниот одбор, на предлог на член на управниот одбор, со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Причини поради кои Подпретседателот и Секретарот на Управен одбор може да бидат сменети по вонредна постапка се:

- Поради оставка
- Поради смрт
- Поради недоаѓање на Седници на Управниот одбор три пати едно по друго без оправдани причини
- Доколку постапува спротивно на целите и програмите на здружението наведени во член 19 од овој статут

Член 39

Надлежност на Управниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- подготвува измени на Статутот и други одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките на Собранието;
- може да формира стручна служба и да врши увид врз нејзината работа;
- управува и одговара за имотот на Здружението;
- подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- формира постојани и повремени комисии на Здружението и именува и разрешува членови на истите;
- избира и разрешува тренер по предлог одлука на натпреварувачка комисија;
- донесува деловник за работата на Управниот одбор;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во Сојузи и меѓународни организации;
- Усвојува насоки и план за работа;
- донесува предлог Деловник за работата на Собранието, кој треба да го донесе Собранието;
- врши и други работи согласно Законот и овој Статут.

Член 40

Членовите на Управниот одбор своите права и обврски ги остваруваат согласно овој Статут и Деловникот за работата на Управниот одбор.

Член 41

Управниот одбор работи и полноважно одлучува на седница која ја закажува Претседателот или Подпретседателот, ако се присутни мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
Одлуките на Управниот одбор се полноважни ако за нив се изјасниле мнозинството од присутните членови на Управниот одбор, освен оние одлуки за кои е потребно двотретинско мнозинство.
Претседателот, или Подпретседателот се должни да закажат седница на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци или по барање на најмалку 3 (три) членови на Управниот одбор.

## 9.3. НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 42

Собранието на Здружението избира Надзорен одбор кој се состои од три члена кои на својата прва конститутивна седница избираат Претседател.

Член 43

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години, а се состануваат најмалку еднаш годишно.
Надзорниот одбор врши надзор и контрола над законитото работење на здружението, органите и нејзини членови.
Надзорниот одбор поднесува извештај за својата работа на Собранието на Здружението.

Член 44

Исти членови во Надзорниот одбор можат да бидат бирани повеќе пати.

Член 45

Надзорниот одбор работи согласно деловникот за работа кој го изготва истиот, а го усвојува Собранието.

## 9.4. КОМИСИИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 46

Заради извршување на одлуките на органите на Здружението се формираат постојани и повремени комисии.
Комисиите ги формира Управниот одбор.

Постојани комисии се:

- Комисија за заштита на риболовен фонд;
- Натпреварувачка комисија;
- Комисија за информирање, доделување на награди и признанија;
- Дисциплинска комисија;
- Комисија за порибување, заштита и екологија
- Комисија за едукација на млади кадри и популаризација на риболовот

Натпреварувачката комисија избира со одлука Тренер и нивната Одлука ја потврдува Управниот одбор со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата.
Тренерот има мандат од 2 (четири) години, а едно лице може да биде бирано повеќе пати.
Тренерот работи волонтерски без право на надомест.

Повремени комисии се:

- Кандидациона комисија и др.

Повремени комисии се формираат заради остварување на целите и задачите од страна на Управниот одбор и се со мандат до завршувањето на поставените задачи и цели.

Комисиите работат согласно Правилникот за работа каде се наведени нивните права и обврски.
Мандатот на членовите на сите постојани комисии трае две години со можност повторно да бидат избрани истите членови.

## 10. ЗАСТАПНИК НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПО ЗАКОН

### Член 47

Здружението има лице овластено за застапување на Здружението – ЗАСТАПНИК , а тоа е Претседателот на Управниот одбор.

Застапник на Здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.
Застапникот на Здружението своите права, овластувања и одговорности поврзани со раководењето на Здружението и застапувањето на Здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на Здружението.
Застапникот на Здружението е потписник на жиро сметката на Здружението.
Застапникот на Здружението е потписник и на сите други официелни документи на Здружението.

## 11. НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА

### Член 48

Здружението има основни и обртни средства.
Здружението има право да основа трговско друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво, за вршење дејност спорт за остварување на неговите цели, интереси и активности, како и финансирање на неговите функции утврдени со Статутот.
Здружението стекнува предмети, парични средства и права и истите ги користи согласно Законот и другите важечки прописи заради остварување на своите цели. Здружението е непрофитна организација.
Ако во текот на работењето Здружението оствари добивка, таа мора да ја употреби исклучиво за поддржување и остварување на неговите цели и активности утврдени со овој Статут.

### Член 49

Здружението остварува средства од:

- Членарина;
- Наплатен надомест од издадените риболовни дозволи;
- Буџетот на Р.Македонија;
- Провизии од органи, организации и заедници;
- Од трговски друштва;
- Од издавачка дејност;
- Донации;
- Други извори на средства.

Член 50

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите Законски прописи за финансиско материјално работење.

Член 51

Користењето на средствата на сметката на Здружението е со потпис на застапникот или друго лице овластено од Претседателот и Управниот одбор со двотретинско мнозинство.

Член 52

Со годишен финансов план се утврдуваат приходите и расходите за календарска година.
Со финансовиот план се утврдуваат:

- средства за работа на Здружението;
- средства за спортски натпреварувачки активности;
- средства за плати и други потреби на вработените;
- режиски трошоци;
- наменски средства.

## 12. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Член 53

Плановите и Програмите за работата на Здружението се изготвуваат на основа постојните законски прописи.

## 13. СЛУЖБИ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 54

Во Здружението можат да се основаат неколку служби, како што се :

- Рибочуварска служба
- Стручна служба

### 13.1. РИБОЧУВАРСКА СЛУЖБА

Член 55

Непосредна заштита на рибниот фонд во риболовните води ја врши рибочуварската служба на Здружението согласно склучените Договори.
Рибочуварската служба се состои од рибочувари кои ги именува, разрешува и овластува Управниот Одбор на Здружението.

Член 56

Ако се утврди повреда на прописите на риболовот, рибочуварот е должен да го извести надлежното Министерство и Управниот Одбор на Здружението заради поведување на постапка за прекршок или кривично дело.
Рибочуварите се должни да водат дневник за својата работа.

## 13.2. СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 57

За вршење на административно-финансиските, стручните, техничките и други работи во Здружението можат да се формираат и стручни служби.
Работниците во стручната служба, кои стекнакле својство на работник, вработени на одредено и неодредено време ја сочинуваат стручната служба и истите ги остваруваат своите права согласно Законот за работни односи.

## 13. ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ

Член 58

Здружението за свое поуспешно рабоење може да формира ограноци.

## 14. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 59

Статутот на Здружението претставува акт со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на Здружението.
Статутот се донесува по постапка определена со важечките законски прописи.
Изменувањето и дополнувањето на Статутот се врши на начин и постапка на кој се и донесува Статутот.

## 15. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

Член 60

За Статусните промени како што се:

- присоединување;
- спојување, и
- поделба

органите на Здружението одлучуваат на начин и под услови определени со законските прописи.

## 16. ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И/ИЛИ ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 61

По престанок на работа на Здружението имотот и средствата што остануваат по намирување на сите обврски према трети лица се распределуваат подеднакво на сите членови на здружението, освен ако не се донесе поинаква одлука на седницата на Собранието на која е донесена одлуката за престанок на работата на Здружението.

## 17. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 62

Здружението престанува:

- ако е донесена Одлука на Собрание на Здружението со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.
- ако членовите на Управниот одбор си поднесат колективна оставка;
- ако бројот на членовите на Здружението се намали под бројот на членовите определен за основање и овој Статут;
- ако Уставниот Суд на РМ или друг Суд донесе Одлука дека програмата и Статутот на Здружението не се во согласност со Уставот и Законот;
- поминато е двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана;
- во 2 последователни години не е поднесена завршна сметка;
- ако се утврди дека Здружението престанало фактички да работи и во други случаи определени со Закон.

Застапникот кој го застапува Здружението е должен да го извести надлежниот орган во Скопје за настанување или исполнување на условите за престанок на работа на Здружението.
Престанок на работа на Здружението го утврдува надлежниот орган со Решение според правилата на вонпроцесна постапка.

## 12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Толкување на одредбите на овој Статут како и предлог за измени и дополнувања на истиот дава Управниот одбор на Здружението во иста постапка како и за негово донесување.

Член 64

Овој Статут стапува во сила наредниот ден од неговото донесување.

**Здружение на риболовци спортско рекреативен клуб РИБАР 2011**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**